Македонски центар за меѓународна соработка
МЦМС>>

МЦМС е-Билтен

Октомври 2013
БРОЈ 147

## Вработените на МЦМС волонтираа за подобри услови за учениците

Вработените на МЦМС заедно со наставниците од основното училиште „Гоце Делчев“ од Демир Хисар на 5 октомври 2013 година учествуваа во поставувањето на школското осветлување, а потоа и во акцијата „Македонија без отпад 2013“. Акцијата е и дел од активностите на МЦМС по повод одбележувањето на 20 годишнината од основањето.



Вообичаените средства за работа, компјутерите, денес беа заменети со лопати и копачи за да се ископа, а потоа и затрупа ровот во кој беше поставена инсталацијата за електричното осветлување на училишниот двор. Со помош на стручни лица, светилките беа поставени и тестирани. Светлото во училишниот двор, заедно со новата фасада и интервенциите на внатрешната и надворешната столарија и санитарните јазли направени претходните години сосема го измени ликот на училиштето, а неговите ученици ќе имаат можност да ги совладуваат новите знаења во одлични услови за работа.

МЦМС веќе неколку години наназад работи на подобрување на условите во кои се изведува наставата во училиштата. По повод 20-годишнината, вработените на МЦМС, на денот кога се одбележува меѓународниот ден на учителите, решија да дадат и личен придонес во подобрувањето на условите во кои учат учениците, волонтирајќи во своето слободно време.



## Отворена Линијата за поддршка на тутунопроизводителите и работниците кај тутунопроизводителите

На 9 октомври 2013 година, во Кривогаштани, МЦМС го означи почетокот на работата на Линијата за поддршка на тутунопроизводителите и работниците која во оваа пилот фаза ќе функционира до крајот на јули 2014 година. Линијата за поддршка им е наменета на тутунопроизводителите и работниците кај нив од подрачјето на општината Кривогаштани.



*Високи претставници на компаниите присуствуваа на отворањето на Линијата за поддршка*

Преку Линијата за поддршка, тутунопроизводителите и работниците кај нив ќе можат да покренат прашања, да побараат помош и поддршка и да добијат повратна информација од операторите при што ќе им биде обезбедена доверливост. Во тимот оператори се вклучени и правен експерт и социјален работник, со цел да се обезбеди оптимална поддршка. На заинтересираните им е на располагање бесплатниот телефонски број 0800-24680.

Азим Шаукенбаев (Azim Shaukenbaev), генералниот директор на Филип Морис интернационал менаџмент С.А. (Philip Morris International Management S.A.) за Македонија, Албанија и Косово, со чија поддршка се реализира оваа иницијатива, на отворањето на Линијата за поддршка се осврна на Програмата за земјоделски работни практики и истакна дека еден од стандардите е работниците да имаат пристап до фер, транспарентна и анонимна линија за поддршка дизајнирана да обезбеди помош и поддршка за прашањата поврзани со работниот ангажман на работниците и совети за деловното работење. „Заедно со Сокотаб и Алијанс Уан Македонија (АОМ), целосно ја поддржуваме Линијата за поддршка како пилот проект во Кривогаштани кој го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка“, рече тој и додаде дека само сеопфатен пристап кој ги вклучува сите чинители: индустријата, владата, локалните власти, земјоделците и работниците кај нив може да резултира со подобрување на условите за живот на работниците и на земјоделците. „Ние веруваме дека оваа иницијатива е чекор во тој правец“.

На присутните им се обратија и Роберт Цвејоски од АОМ и Џовани Беги од Сокотаб. Димче Митрески, извршен директор на МЦМС и Тони Заткоски, градоначалник на Кривогаштани во своите обраќања се осврнаа на начинот на функционирање на канцеларијата каде што е сместена Линијата за поддршка како и на придобивките што ќе ги имаат тутунопроизводителите од општината од функционирањето на ваква линија.

## Општината да најде начини за реализација на сите проекти

Граѓаните на општината Шуто Оризари на 9 октомври 2013 година имаа можност да учествуваат на четвртата форумска сесија што се одржа во ОУ Браќа Рамиз-Хамид.

Членовите на работните групи презентираа пет предлог проекти: Реновирање и санација на централни улици; Реновирање и санација на споредни улици; Улично осветлување; Уредување на јавни површини; и Уредување на тротоарите и просторот околу нив.

„Проблеми секогаш имало, има и ќе има и понатаму, но, добро е што општината мисли на народот и ги слуша неговите потреби“, рече Усеин Невзат, граѓанин на Шуто Оризари. Според него, фокусот треба да се стави на улиците во општината бидејќи навистина се во лоша состојба. Тој додаде дека и недостатокот на зеленило е проблем и препорача доколку се прават нови Детални урабанистички планови, во нив да бидат предвидени повеќе игралишта и детски паркови со зеленило.

За Нешат Абазовски, презентираните проекти се добри и сите се во корист на граѓаните. „Сметам дека би било добро општината тука да не застане, туку за проектите кои нема да се изберат, да изнајде начин да ги реализира, без разлика дали тоа ќе го направи со општински средства или со средства од други донатори“, додаде тој.



*Голем број граѓани се изјаснија за предложените проекти*

На сесија граѓаните беа запознаени и со критериумите и правилата за избор на проекти кои ќе бидат финансирани од програмата „Форуми во заедниците“.

На крајот на форумската сесија беше формирана работна група за подготовка на препораки кои ќе и бидат дадени на општинската администрација на наредната, петта форумска сесија.

## НИРАС и МЦМС ќе ја подготвуваат новата програма за развој на граѓанското општество

Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) ги ангажираше данската компанија НИРАС и МЦМС да ја подготват новата програма за развој на граѓанското општество. Подготовката ќе трае од октомври 2013 година до март 2014 година. Во текот на октомври беа одржани две работилници на кои учествуваа партнерските организации, а на дел од сесиите и претставници на СДЦ. Во ноември ќе бидат организирани осум тркалезни маси со граѓански организации низ Македонија и неколку состаноци со други засегнати страни.

## Практично искуство за над 90 жени од седум општини

Нови 60 договори за обука низ работа беа склучени во текот на октомври оваа година во кумановскиот, тетовскиот, скопскиот и мавровскиот регион. Со ова се комплетираа активностите во програмата Оспособување на жените погодени од конфликтот (ОЖП) за поврзување на целната група со претпријатијата и стекнување практично искуство за работа.

Бројот на ангажирани жени, корисничките на програмата надмина 90, а бројот на деловни субјекти со кои се соработува сега е поголем од 40. Најголем интерес покажаа жените од општината Теарце, а потоа од општината Маврово и Ростуша и Липково. Темите на обуките се разновидни: преработка на зеленчук и млечни производи, административни работи, медицинска нега и фармација, фризерство, кроење и шиење, продажба, готвење и одржување хигиена во угостителски објекти итн.

Две од ангажираните кориснички кои завршија со обуката низ работа ќе продолжат со работа.

На 4 октомври беше организиран и состанок со 43 учеснички од општините Теарце и Желино, на кој беа информирани за досегашните активности и можностите за учество во следните активности. Исто така беше организиран и состанок со заинтересираните претпријатија од скопскиот регион.

Во текот на октомври, МЦМС организираше серија дебати посветени на дискриминацијата. Дебатите се дел од проектот „Од норма до пракса за еднаквост" го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот е поддржан финансиски од Европската Унија преку програмата Прогрес (2007-2013).

## Предизвиците на повеќекратната дискриминација

На 31 октомври 2013 г. во х. Холидеј ин, Скопје, се организираше дебата на тема „Предизвиците на повеќекратната дискриминација".




*Жените и старите лица се најчесто повеќекратно дискриминирани*

Во своето воведно обраќање, Жанета Попоска од ОБСЕ зборуваше за меѓународните стандарди и за македонското законодавство и, меѓу другото, истакна дека постојат многу малку одредби за забрана на повеќекратната дискриминација. „Повеќекратната дискриминација е нееднаквото постапување кое се појавува по повеќе основи", рече Попоска и додаде дека жените и старите лица се најранливите групи. Таа се задржа на два вида на повеќекратна дискриминација и тоа на кумулативната или дополнителната и на интер-секциската дискриминација. Притоа Попоска забележа дека постоечкото антидискриминациско законодавство не е во состојба да го реши проблемот со повеќекратната дискриминација.

Некои решенија за предизвиците на повеќекратната дискриминација, според Попоска, би биле: хармонизиран модел на анти-дискриминациско законодавство, со кое опфатот на заштита би бил ист, а исклучоците за сите основи би биле слични. Притоа, во изборот на точката на споредба би требало да се биде флексибилен. Таа даде и неколку примери од правната пракса за анти-дискриминација на Германија и Ирска.

Јован Ананиев од Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) се осврна на европските и македонските искуства во утврдувањето на повеќекратната дискриминација, презентираше примери како и дилеми кои се појавиле во врска со нив.

## Дискриминација по основ на пол има, ама жените треба поактивно да се борат против неа

Дебатата „Дискриминација по основ на пол" МЦМС ја организираше на 17 октомври 2013 г. во х. Холидеј ин, Скопје.

Во своето воведно обраќање, Савка Тодоровска, претседателка на Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) зборуваше за актуелната состојба на жените во општеството. Во поглед на претставу-вањето на жените во институциите, таа истакна дека 34% од членовите на Собранието на РМ се жени, а Владата има две министерки. Во општинските совети жените се застапени со 26,8%.



*Подобрувања има, ама бројките покажуваат каде уште треба да се работи*

Во поглед на нивната економска состојба, Тодоровска истакна дека проблемот на невработеност повеќе ги погодува жените отколку мажите, па така, на крајот од 2012 година стапката на вработени жени била 39%, за разлика од 61% кај мажите. Надвор од тоа, само 4% од вработените жени се сопственички на бизнис, а само 11% примаат плата над просечната.

Зборувајќи за жените од руралните средини, Тодоровска рече дека тие не можат да користат субвенции од државата бидејќи „само 2% од нив во руралните средини се сопственички на земјиште", и додаде дека само 4% од жените имаат финансиска заштеда, а 5% се сопственички на станбен простор.

Сепак, Тодоровска вели дека постои напредок но дека треба уште да се работи за подобрување на положбата на жената. Таа смета дека проблеми има во општествената свест за дискриминацијата по основ на пол, па и кај самите жени кај кои традиционалната улога е длабоко вкоренета.

Воведни излагања имаше и Ленче Коцевска, член на Комисијата за заштита од дискриминација. Таа се осврна на улогата и на работата на Комисијата. Коцевска истакна дека во 2011 година биле поднесени 60 до Комисијата, а во 2012 година тој број пораснал на 75. Од нив, во 2011, три биле по основ на пол, а две по основ на род. Во 2012 биле поднесени вкупно пет претставки по основ на пол, а за изминатите девет месеци во 2013 година тој број е шест. Најголем број од претставките се за Скопје (44) и најчесто се поднесени против правни лица. Жените ретко се појавуваат како подносители на пријави.

Во дискусијата која што се водеше потоа, беше констатирано дека дискриминацијата по основ на пол постои и дека е потребно барањето за промени и активностите да ги иницираат и водат самите жени.